## Соопштение за јавноста

**Септември, 2008**

**Република Македонија во Индексот за перцепција на корупцијата во 2008 година**

**Ранг: 72 место**




Република Македонија оваа година се наоѓа на 72 место со 3,6 индексни поени на ранг листата на 180 земји за Индексот за перцепција на корупцијата во 2008 година, објавена денеска во светот. Индексот го објавува Транспаренси Интернешнел како светска коалиција на невладини организации во борба против корупцијата.
Република Македонија минатата година беше рангирана на 84-та позиција, а годинава на 72, и не се наоѓа во групата држави кои бележат значително подобрување, иако бележи пораст од 12 места. - Тоа е така затоа што индексот е променет за само 0,3 индексни поени што е мало подобрување. Се користени шест истражувања за да се подготви овој композитен индекс, истакна Тасева.

Република Македонија годинава се наоѓа во групата држави меѓу кои Бугарија, Кина, Мексико, Перу, Суринам, Свазиленд, Тринидад и Тобаго. Албанија, Србија и Црна Гора имаат 3,4 индексни поени и се на 85 место, Бугарија и Романија од ЕУ, кои имаат сериозни проблеми со корупцијата, имаат 3,6 и 3,8 индексни поени и се рангирани на 72. и 70 место. Хрватска е најдобро рангирана од државите од регионот со 4,4 поени и го зазема 62 место. Босна и Херцеговина со 3,2 индексни поени е на 92 место, а Турција со 4,6 поени е на 61 место.

Индексот се објавува еднаш годишно и е презентација на перцепцијата на корупцијата во јавниот сектор. Станува збор за композитен индекс кој се составува од резултатите кои се добиени од поголем број различни истражувања спроведени од страна на независни институти и институции кои спроведуваат истражувања од областа на развојот на демократијата, човековите права и економијата во светот. Годинава има промена во методологијата и се искористени истражувања кои се спроведени во крајот на 2006, 2007 и 2008 година.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Во Индексот за 2008 година се оценети 180 земји на скала од еден до десет. За една држава да биде рангирана на овој Индекс за неа треба да постојат најмалку три истражувања кои можат да се користат, од периодот кој треба да биде опфатен со Индексот. Со индекс еден се најкорумпираните држави, а со индексот десет се најмалку корумпираните држави во светот.

Транпаренси Интернешнел се залага во државите да се настојува да се воспоставуваат системите за борба против корупцијата засновани на превенција, транспаретно, одговорно и отчетно однесување на владите.

Најнизок степен на корупција имаат Данска, Нов Зеланд и Шведска со индекс 9,3, а потоа следи Сингапур со индекс 9,2, додека со највисок степен се Хаити со индекс 1,4, Ирак и Мијанмар со 1,3 и Сомалија со индекс 1.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk